Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08- 473/2
28-06-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–473/1 од 25.06.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација од страна на лица вработени во Ј.З.У. Здравствен дом на Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–473/1 од 25.06.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 25.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација од страна на лица вработени во Ј.З.У. Здравствен дом на Скопје.

Во претставката подносителката наведува дека врз неа се вршела дискриминација од страна на вработени лица во Ј.З.У. Здравствен дом на Скопје во последните три години, како последица на што е нарушена нејзината здраствена состојба. Подносителката наведува дека е дискриминирана во работниот однос и дека истото се состои во спречување на нејзиното професионално надградување и тоа со дејствија преземени од институцијата со кои не и се дава можност за дополнителна работа, како и неупатување на препорачани контролни прегледи и недобивање на согласност, одобрение за промена на работното место. Понатаму подносителката наведува дека управата на Ј.З.У. Здравствен дом на Скопје, неправилно постапила со донесување на Решение за распоредување на работно место на давател на јавни услуги – здравствен работник број 04-992/1 од 13.03.2023 година во Поликлиника Букурешт донесено врз основа на погрешно утврдена фактичка состојба.

Од наводите во претставката Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не најде дека се изнесени факти и околности од кои е сторено веројатно дека врз подносителката е сторена дискриминација врз одредена дискриминаторска основа и следствено констатира дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во врска со наводите во поднесената претставка, Комисијата ја упатува подносителката да побара заштита на своите права кои произлегуваат од работен однос пред надлежни институции, односно Државен инспекторат за труд.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
27.06.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk